# ДОПОЛНЕТ ПРЕДЛОГ - ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗАБЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Скопје, мај 2009 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Комисија за одбрана
и безбедност
Бр. 11-2024/ 3
08 мај 2009 година
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Законодавно-правна
комисија
Бр. 10-2017/ 5
08 мај 2009 година
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 08 -05- 2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1829/11 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно член 155 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, во прилог Ви го доставуваме Дополнетиот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата во кој е вграден амандманот усвоен од матичното работно тело, Комисијата за одбрана и безбедност, на седницата одржана на 06 мај 2009 година и од Законодавно-правната комисија на седницата одржана на 08 мај 2009 година.

**Председател**
**на Комисијата за одбрана и безбедност,**
Владимир Ѓорчев

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

**Претседател**
**на Законодавно-правна комисија**
Благородна Дулиќ

# ДОПОЛНЕТ ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 54/2007, 86/2008 и 98/2008), во членот 1 по зборовите „безбедноста и заштитата на патиштата" точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „основните начела и меѓусебните односи на учесниците и другите субјекти во сообраќајот на патиштата;", по зборот ,,знаци" сврзникот „и" се заменува со запирка, а зборот „опрема" се заменува со зборовите: "опремата и сигнализацијата на патиштата", зборовите: „управување со возила" се заменуваат со зборовите: „управување со моторно возило", а зборовите: „и проверка на оспособеноста на возачите", „испитување на возила;", и „технички преглед на возила;" се бришат.

Член 2

Во член 2 во став (1) по точката 7 се додава нова точка 7-а., која гласи:

„7-а. „Велосипед со помошен мотор" е возило со погон на педали, кое како дополнување може да има мотор со внатрешно согорување со работна зафатнина која не е поголема од 50 см3 или електромотор со најголема континуирана излезна силина од 0,25 KW, при што дејството на моторот се исклучува кога брзината ќе достигне 25 км/час или ако велосипедистот го прекине дејствувањето на педалата;"

Точката 8 се менува и гласи:

,,8. ,,Мопед" е возило на моторен погон со две или три тркала чија работна зафатнина на моторот со внатрешно согорување не е поголема од 50 см/3 односно силата на електромоторот не поминува повеќе од 4 KW и чија брзина на рамен пат е ограничена на најмногу 45 км/час;

Точката 14 се менува и гласи:

,,14. ,,Патнички автомобил" е моторно возило наменето за превоз на лица, кое освен седиштето за возачот има најмногу осум седишта."

По точката 73 се додаваат три нови точки 73-а, 73-б и 73-в кои гласат:

„73-а. ,,Сообраќајна лента за забрзување“ е дел од коловозот за вклучување на возила во сообраќаен тек од спореден пат односно други пристапни патишта покрај патот (бензински пумпи, паркиралишта, мотели и сл.);

73-б. ,,Сообраќајна лента за забавување“ е дел од коловозот наменет за исклучување на возила во сообраќаен тек од пат;

73-в. ,,Сообраќајна лента за принудно запирање на возила“ е обележан дел долж коловозот на автопат и на одредени места на патиштата како и во тунели, галерии и сл.;“.

По точката 75 се додава нова точка 75-а која гласи:

,,75-а. ,,Пат“ е сообраќаен објект на кој се врши сообраќај;

Точката 76 се менува и гласи:

,,76. ,,Јавен пат“ е пат кој е определен како јавен пат и може да биде државен или општински;

По точката 76 се додава нова точка 76-а која гласи:

,,76-а. ,,Државен пат“ е јавен пат категоризиран како автопат, експресен пат, магистрален и регионален пат од прва и втора категорија;

По точката 84 се додава нова точка 84-а која гласи:

84-а. ,,Тротоар“ е посебно уредена сообраќајна површина наменета за движење на пешаци, која не е на исто ниво со коловозот или од коловозот е одвоена на друг начин;“.

Член 3

Називот на Главата ,,II. БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПАТИШТАТА“ се менува и гласи: „БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПАТИШТАТА, ОСНОВНИ НАЧЕЛА И МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ НА УЧЕСНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ СУБЈЕКТИ ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА“.

Член 4

По членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

,,Член 3-а

Државните органи, органите на општините и градот Скопје, правните лица, физичките лица и другите учесници во сообраќајот ги развиваат хуманите и етичките односи во сообраќајот, ја поттикнуваат солидарноста на учесниците во сообраќајот со што придонесуваат за заштита на животот и здравјето на луѓето, особено на децата, старите и изнемоштени лица, лицата со посебни потреби и водат грижа за заштита на животната средина.“

Член 5

Во членот 5 се додава нов став (2) кој гласи:

,,(2) Контрола и запирање на возила во сообраќајот можат да вршат и униформирани царински службеници, како и припадници на шумската полиција согласно посебен пропис.“

Во ставот (2) кој станува став (3), по зборот ,,службеници“ се додава запирка и зборовите ,,униформираните царински службеници, како и припадниците на шумската полиција“, а зборовите ,,ставот (1)“ се заменуваат со зборовите ,,ставовите (1) и (2)“.

Ставот (3) станува став (4).

Член 6

Во член 9 во ставот (1) по зборот „учениците“ се додава запирка и зборовите: „согласно образовните програми на Министерството за образование и наука“.

Во ставот (2) точката на крајот на реченица се заменува со запирка по која се додаваат зборовите: „согласно образовните програми на Министерството за образование и наука.“

Член 7

Во член 17 ставовите (3) и (8) се бришат.

Член 8

Членот 18 се брише.

Член 9

Членот 25 се менува и гласи:

,,(1) Возачот кој има намера да изврши на патот некое дејствие со возилото (поместување на возилото надесно или налево, обиколување, запирање, свртување надесно или налево, полукружно свртување, возење наназад и слично), смее да го започне таквото дејствие само ако претходно се уверил дека тоа може да го направи без опасност по другите учесници во сообраќајот или по имотот, водејќи притоа сметка за положбата на возилото и за правецот и брзината на движењето на возилото.

(2) Пред вршењето на дејствијата од ставот (1) на овој член возачот на возилото е должен јасно и навремено да ги извести другите учесници во

сообраќајот за својата намера давајќи им знак со помош на покажувачите на правецот или ако тие не постојат-со соодветен знак со раката.

(3) Ако знакот од ставот (2) на овој член возачот го дава со помош на покажувачот на правецот, тој е должен да го дава за целото време на вршењето на дејствието со возилото, а по извршеното дејствие да престане.

(4) По исклучок од одредбите на ставовите (2) и (3) на овој член возачот не е должен по извршеното престигнување на друго возило да даде знак дека има намера да се врати на сообраќајната лента по која се движел пред престигнувањето.

(5) Глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече, односно ќе му се регистрираат 15 негативни бода согласно со одредбите на овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член."

Член 10

По членот 25 се додава нов член 25-а кој гласи:

,,Член 25-а

(1) Возачот не смее со возилото да врши полукружно свртување на преслап, кривина, патен премин преку железничка пруга во ниво, на мост, надвозник, подвозник, тунел или на други места на патот каде што нема доволна прегледност.

(2) Глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече, односно ќе му се регистрираат 25 негативни бода согласно со одредбите на овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член."

Член 11

По членот 25 –а се додава нова потточка 2.1. која гласи:

„2.1. Вклучување во сообраќај".

Член 12

Членот 26 се менува и гласи:

„(1) Возачот кој со возило се вклучува во сообраќај на јавен пат или на друга сообраќајна површина (излегување на возилото од гаража, двор, паркиралиште, стојалиште, двор или од површина на која не се одвива сообраќај на возила), е должен да ги пропушти сите возила и пешаци кои се движат по патот, односно по сообраќајна површина на која се вклучува.

(2) Возач на автобус или товарно моторно возило, кога се вклучува во сообраќајот од гаража, двор или друга слична површина, ако видикот му е закриен со друго возило, објект или предмет или ако видливоста му е намалена, е должен на местото каде што се вклучува да постави лице кое ќе помогне возилото безбедно да излезе на пат.

(3) Возачот на велосипед, велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, лесен трицикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицкл, односно возач на запрежно возило кој се вклучува во сообраќајот ов случаите и под условите утврдени во ставот (2) на овој член е должен да го турка возилото односно да го води впрегнатиот добиток.

(3) Глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече, односно ќе му се регистрираат 20 негативни бода согласно со одредбите на овој закон, на возачот на автобус или товарно моторно визло кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(4) Возач кој со возило од земјен пат и градилиште се вклучува на пат со современ коловоз е должен да застане и да ги отстрани земјата и нејзините остатоци од пневматиците на возилото.

(5) Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече, односно ќе му се регистрираат 15 негативни бода согласно со одредбите на овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (2), (3) и (4).“

Член 13

Членовите 27, 28 и 29 се бришат.

Член 14

Во член 31 во ставот (5) бројот „250“ се заменува со бројот „50“, по зборот „противвредност“ се додаваат зборовите: „во мандатна постапка“, по зборот „изрече“ се става запирка и се додаваат зборовите: „односно ќе му се регистрираат 25 негативни бода согласно со одредбите на овој закон,“.

Член 15

Во член 40 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) На јавните патишта се ограничува брзината на движење на следниве категории на моторни возила:

- на 80 километри/час - за автобуси и автобуси со лесна приколка, за товарни моторни возила чија најголема дозволена маса не е поголема од 7.500

килограми, за моторни возила кои влечат камп-приколка и за патнички возила што влечат лесна приколка;

- на 70 километри/час - за автобуси кога се врши организиран превоз на деца, за зглобни автобуси кои немаат определени места за стоење, за товарни моторни возила чија најголема дозволена маса е поголема од 7.500 килограми и за товарни моторни возила што влечат приклучно возило;

- на 60 километри/час односно 80% од најголемата дозволена брзина определена според видот на патот, односно определена со сообраќајните знаци поставени на патот, но не повеќе од 70 километри/час - за моторни возила со кои се превезуваат опасни материи, односно не повеќе од 60 километри/час - за моторни возила кои превезуваат отровни материи;

- на 50 километри/час – за автобуси и за зглобни автобуси за превоз на лица во градски сообраќај кои покрај вградените седишта имаат и определени места за стоење, за товарни возила кои во товарниот сандак вршат групен превоз на лица и за моторни возила со синџири на тркалата;

- на 40 километри/час - за моторно возило кое влече друго неисправно возило;

- на 30 километри/час - за трактори;

- на 25 километри/ час - за трактори што влечат приклучно возило со кое се превезуваат лица, за велосипеди, велосипеди со помошен мотор и мопеди кога се движат по велосипедска патека и

- на 20 километри/час - туристички воз.“

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

,,(2) По исклучок од одредбата на ставот (1) на овој член на автопатишта се ограничува брзината на движење на следниве категории на моторни возила:

- на 100 километри/час – за товарни моторни возила чија најголема дозволена маса не е поголема од 3.500 килограми;

- на 90 километри/час - за товарни моторни возила чија најголема дозволена маса се движи од 3.500 килограми до 7.500 килограми и за автобуси;

- на 80 километри/час - за товарни моторни возила чија најголема дозволена маса е поголема од 7.500 килограми и за автобуси кога се врши организиран превоз на деца.“

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите ,,ставот (1)“ се заменуваат со зборовите ,,ставовите (1) и (2)“.

Во ставот (3) кој станува став (4) по бројот ,,2“ се става запирка, а зборовите ,,и 3“ се заменуваат со броевите ,,4, 6, 7 и 8“, зборовите ,,и возилата

со синџири на тркалата“ се бришат, а зборот ,,жолта“ се заменува со зборот ,,бела“.

Во ставот (4) кој станува став (5) бројот ,,(3)“ се заменува со бројот ,,(4)“,.

Во ставот (5) кој станува став (6) бројот ,,(4)“ се заменува со бројот ,,(5).

Во ставот (6) кој станува став (7) сврзникот ,,и“се заменува со запирка и по бројот ,,(2)“ се додаваат зборовите ,,и (3)“.

Член 16

Во член 55 став (1) во алинејата 6 зборот „присилно“ се заменува со зборот „принудно“.

Член 17

Во член 61 ставот (4) се менува и гласи:

,,(4) Глоба во износ од 15 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече, односно ќе му се регистрираат десет негативни бода согласно со одредбите на овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.“

Ставот (5) се брише.

Член 18

Во член 62 во ставот (1) зборовите: „наместо звучен знак за предупредување“ се бришат.

Во ставот (4) зборовите: „ставот (3)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (3)“.

Член 19

Во член 66 став (1) во алинејата 14 зборовите: „(станбена зграда, здравствена установа, пензионерски дом, предучилиша и училишна установа)“ се бришат.

Алинејата 15 се менува и гласи:

,,-на хортикултурно уредени зелени површини, градски зеленила и паркови;“

~~**Член 20**~~

~~**Во член 69 став (1) во алинејата 1 зборот „паркирната“ се заменува со зборот „работната“.**~~

Член 21

Во член 79 во ставот (3) зборот „рачната“ се заменува со зборот „работната“.

Член 22

Во член 80 во ставот (1) зборот „соодветна“ се брише, а по зборовите: „за управување“ зборот „со“ се заменува со зборот „од“.

Во ставот (2) по зборот „изрече“ се става запирка и се додаваат зборовите: „односно ќе му се регистрираат 15 негативни бода согласно со одредбите на овој закон,“.

Член 23

Во член 83 во ставот (2) зборовите: „му се изрече на возачот кој постапува“ се заменува со зборовите: „им се изрече, односно ќе им се регистрираат десет негативни бода согласно со одредбите на овој закон, на возачите на возилата кои постапуваат“.

Член 24

Во член 85 во ставот (4) зборовите ,,на педалата“ се бришат.

Член 25

Во член 86 во алинејата 3, по зборовите: „велосипед со“ се додава зборот „помошен“, а по зборот „мотор,“ се додава зборот „мопед,“.

Член 26

Во член 88 став (2) во алинејата 3 по зборот „покрај“ се додаваат зборовите: „организирана колона на“.

Член 27

Во член 89 во ставот (1) по зборот ,,закон“ запирката се брише и се додаваат зборовите: „и во услови на намалена видливост,“.

Член 28

Членот 92 се менува и гласи:

„(1) Возачот е должен да го управува возилото на оддалеченост од другите возила што учествуваат во сообраќајот, која одговара на брзината на движењето на возилото и другите околности на сообраќајот, при што со таа

одалеченост од другите возила не предизвикува опасност и не ги попречува другите возачи.“

(2) Глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече, односно ќе му се регистрираат 20 негативни бода согласно со одредбите на овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.“

Член 29

Во насловот на точката ,,17. Сообраќај на велосипеди, велосипеди со мотор, мотоцикли, лесни трицикли, лесни четирицикли, и четирицикли“, по зборовите: „велосипеди со“ се додава зборот „помошен“, а по зборот „мотор,“ се додава зборот „мопед,“.

Член 30

Во член 95 во ставовите (1), (2), (3), (5) и (6) по зборовите: „велосипед со“ се додава зборот „помошен“, а по зборот ,,мотор“ се додава зборот ,,мопед“.

Во ставот (4) по зборовите: „велосипеди со“ се додава зборот „помошен““, а по зборот ,,мотор“ се додава зборот ,,мопед“.

Член 31

Во член 96 во ставот (1) по зборовите: „велосипед со“ се додава зборот „помошен“, а по зборот „мотор,“ се додава зборот „на мопед,“.

Во ставот (2) бројот „25“ се заменува со бројот „20“.

Член 32

Во член 97 во ставовите (1) и (2) по зборовите: „велосипед со“ се додава зборот „помошен“, а по зборот „мотор,“ се додава зборот „на мопед,“

Член 33

Членот 98 се менува и гласи:

,,(1) Возачот и лицата кои се превезуваат со велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, лесен трицикл, трицикл, лесен четрицикл и четирицикл задолжително носат заштитен шлем за време на возењето на патот. “

(2) Глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече односно ќе му се регистрираат 15 негативни бода согласно со одредбите на овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе им се изрече на лицата кои се превезуваат, а постапуваат спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ".

Член 34

Во член 99 во ставот (1) по зборовите: „велосипед со" се додава зборот „помошен", а по зборот „мотор," се додава зборот „мопед,"

Во ставот (3) бројот „35" се заменува со бројот „30". По зборот „изрече" се става запирка и се додаваат зборовите: „односно ќе му се регистрираат 15 негативни бода согласно со одредбите на овој закон,".

Член 35

Во член 100 во ставот (1) по зборовите: „велосипед со" се додава зборот „помошен", а по зборот „мотор," се додава зборот „мопед,"

Член 36

Во член 101 во ставот (1) по зборовите: „велосипед со" се додава зборот „помошен", а по зборот „мотор," се додава зборот „мопед,"

Во ставот (2) по зборот „изрече" се става запирка и се додаваат зборовите: „односно ќе му се регистрираат 10 негативни бода согласно со одредбите на овој закон,".

Член 37

Во член 102 во ставот (1) по зборовите: „велосипед со" се додава зборот „помошен", а по зборот „мотор," се додава зборот „мопед,".

Член 38

Во член 111 во ставот (3) зборот „крдар" се заменува со зборот „крдо".

Член 39

Во член 112 во ставот (2) по зборовите: „изрече на" се додаваат зборовите: „родителот односно старателот на".

Член 40

Во член 113 во ставовите (1) и (3) зборот ,,крдар" односно ,,крдарот" се заменуваат со зборовите ,,крдо" односно ,,крдото".

Член 41

Во член 129 во ставот (2) по зборовите: „велосипеди со“ се додава зборот „помошен“, а по зборот „мотор,“ се додава зборот „мопеди,“.

Член 42

Во член 131 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Возачот на возилото кое се доближува кон преминот од ставот (1) на овој член е должен да застане на знак на овластените работници од областа на железничкиот сообраќај.“

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)“.

Член 43

Во член 137 во ставот (3) по зборовите „лента за“ се додава зборот „принудно“.

Член 44

Во член 144 во ставот (1) зборовите: „53 став (1) точка 1“ се заменува со бројот „51“, бројот „40“ се заменува со бројот „42“, а бројот „144“ се заменува со бројот „143“.

Член 45

Во член 146 во ставот (3) бројот „250“ се заменува со бројот „40“, а по зборот „изрече“ се става запирка и се додаваат зборовите: „односно ќе му се регистрираат 20 негативни бода согласно со одредбите на овој закон,“.

Член 46

Во член 147 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) По исклучок од одредбата на ставот (1) на овој член возилото смее да се оптовари 1, 5% над најголемата дозволена маса утврдена со посебен пропис, односно над својата носивост запишана во сообраќајната дозвола, ако тоа го дозволуваат особините на патот утврдени со сообраќаен знак, особините на товарот и други оправдани околности и ако на местото на товарење на возилото не може прецизно да се утврди точната маса на товарот. “

Во ставот (2) кој станува став (3) алинеја 4 се менува и гласи:

,,- да не создава бучава надвор од границите на пропишаните гранични вредности и“

Ставовите (3), (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (4), (5), (6), (7) и (8) .

Член 47

Во член 155 во ставот (3) бројот „300“ се заменува со бројот „45“, а по зборот „изрече“ се става запирка и се додаваат зборовите: „односно ќе му се регистрираат 25 негативни бода согласно со одредбите на овој закон,“.

Член 48

Во член 162 во ставот (1) бројот „15“ се заменува со зборот „осум“.

Член 49

Во член 169 во ставот во ставот (5) бројот „200“ се заменува со бројот „45“, а по зборот „изрече“ се става запирка и се додаваат зборовите: „односно ќе му се регистрираат 25 негативни бода согласно со одредбите на овој закон,“.

Член 50

Во член 174 во ставот (2) зборовите: „патнички автомобил“ се заменуваат со зборовите: „патничко возило“.

Член 51

Во член 186 во ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Превозот на лица од ставот (1) на овој член со приклучно возило со автоматски истоварувач или со една оска може да се врши ако пред отпочнување на превозот целосно е исклучен механизмот за автоматско истоварување.“

Член 52

Во член 190 во ставот (1) по зборовите: „велосипед со“ се додава зборот „помошен“, а по зборот „мотор,“ се додава зборот „мопед,“.

Член 53

Во член 209 во ставот (1) по зборот „известување“ се додава запирка и зборот ,,насочување“.

Член 54

Во член 215 во ставот (1) зборот „жолта“ се заменува со зборот „бела“.

Член 55

Во глава IV. „СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ И ОПРЕМА“, во називот на точката ,,7. Знаци што ги даваат униформираните полициски службеници или други овластени службени лица“ зборовите „или други овластени службени лица“ се заменуваат со зборовите ,,овластени службени лица и други лица“ .

Член 56

По членот 219 се додава нов член 219-а кој гласи:

„Член 219-а

Родител или наставник кој води организирана колона на деца може да го запре сообраќајот со давање на знак со рака, заради безбедно поминување на колоната преку коловозот.“

Член 57

Во член 220 во ставот (1) зборовите: „е должно да им укаже“ се заменуваат со зборовите: „во рамки на своите знаења и способности им укажува“.

Ставот (2) се брише.

Член 58

Во член 221 во ставот (1) зборот „поголема“ се заменува со зборот „голема“.

Член 59

Во член 223 во ставот (2) зборовите: „или ако постои оправдано сомневање дека кај возачот поради повреда дошло до намалување на психичката или физичката способност за управување со моторно возило или со трамвај, врз основа на медицински наод,“ се бришат.

Член 60

Во член 224 во ставот (1) зборот „поголема“ се заменува со зборот „голема“.

Член 61

Во член 225 ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“, по кој се додаваат зборовите: „односно настанала голема материјална штета“.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (3) и (4).

Член 62

Во член 226 алинејата 5 се брише.

Член 63

Во член 227 во ставот (2) зборот „поголема“ се заменува со зборот „голема“.

Член 64

Во член 231 во ставот (1) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка по која се додаваат зборовите „во која е впишана категоријата односно поткатегоријата во која припаѓа моторното возило“.

Во ставот (4) зборовите „одредбата од ставот (2)“ се заменуваат со зборовите: „одредбите од ставовите (1) и (2).

Член 65

Во член 234 во ставот (3) зборовите ,,Не смее да управува со возило, ниту да започне управување со возило“ се заменуваат со зборовите ,,Не смее да управува со возило, да започне управување со возило, ниту да спроведува практичен дел на возачки испит“.

Ставовите (6) и (7) се менуваат и гласат:

„(6) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член, кај кој ќе се утврди содржина на алкохол во крвта од 0,51 г/кг. до 0,99 г/кг. Покрај утврдениот износ на глоба на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило од три до шест месеци, под услови и начин утврдени со закон.

(7) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член, кај кој ќе се утврди содржина на алкохол во крвта од 0,99 г/кг до 1,49 г/кг. Покрај утврдениот износ на глоба на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило од шест до девет месеци под услови и начин утврдени со закон.“

По ставот (7) се додаваат два нови става (8) и (9) кои гласат:

,,(8) Глоба во износ од 350 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член, кај кој ќе се утврди содржина на алкохол во крвта од 1,50 г/кг до 1,99 г/кг. Покрај утврдениот износ на глоба на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило од девет до 12 месеци, под услови и начин утврдени со закон.

(9) Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член, кај кој ќе се утврди содржина на алкохол во крвта од 2,00 г/кг и повеќе. Покрај утврдениот износ на глоба на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило од 12 месеци, под услови и начин утврдени со закон."

Член 66

Во член 237 во ставот (1) по зборовите: „велосипед со" се додава зборот „помошен", а по зборот „мотор," се додава зборот „мопед,".

Во ставот (1) се додава нова алинеја 1 која гласи:

„- да наполнило 14 години возраст – за управување со велосипед со помошен мотор и мопед;".

Во алинејата 1 која станува алинеја 2 зборовите ,,односно 14 години возраст – за управување со велосипед со мотор" се бришат.

Во ставот (2) по зборовите: „велосипед со" се додава зборот „помошен", а по зборот „мотор," се додава зборот „мопед,".

Член 67

Во член 241 во ставот (2) по зборот ,,има" се додаваат зборовите ,,лична карта или друг документ за идентификација и".

Член 68

Во член 256 ставовите (3) и (4) се менуваат и гласат:

„(3) На возачот-инструктор кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член Министерството за внатрешни работи со решение ќе му ја одземе лиценцата за оспособување на кандидати за возачи и да забрани да оспособува кандидати за возачи во период од три до 12 месеци.

(4) Решението од ставот (4) на овој член е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд."

Член 69

Во член 257 во ставот (3), по зборот „лиценцата“ се додаваат зборовите „дозволата за возач-инструктор,“.

Во ставот (10) зборовите „на одредбата од ставот (3)“ се заменуваат со зборовите „на одредбите од ставовите (3) и (4)“.

Член 70

Во член 270 во ставот (2) по зборот ,,писмено,“ се додаваат зборовите ,,на два начина: рачно или електронски“.

Член 71

Во член 272 во ставот (1) зборовите ,,испитната комисија пред која кандидатот го полагал испитот“ се заменуваат со зборовите „Министерството за образование и наука“.

Во ставот (2) зборовите ,,веднаш, односно во рок од 24 часа од поднесувањето на приговорот, да организира повторно полагање на возачкиот испит“ се заменуваат со зборовите ,,во рок од 24 часа од поднесувањето на приговорот, да го разгледа и писмено да го извести кандидатот за одлуката.“

Во ставот (3) зборовите ,,трошоците за повторното полагање на испитот се на товар на испитниот центар“ се заменуваат со зборовите ,,на кандидатот за возач му се признава оспорениот дел од возачкиот испит за положен.“

Член 72

Во член 279 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност во мандатна постапка согласно одредбите на овој закон, ќе му се изрече на возачот-инструктор кој врши оспособување на кандидати за возачи по истекот на рокот на важност на дозволата за возач-инструктор.“

Член 73

Во член 284 во ставот (1) зборот ,,четири“, се заменува со зборот „пет“.

Член 74

Во член 287 по бројот ,,235” се додава запирка и броевите ,,236 и 237“.

Член 75

Во член 288 во ставот (11) по зборовите: „велосипед со“ се додава зборот „помошен“, а по зборот „мотор,“ се додава зборот „мопед,“.

Во ставот (28) по зборовите: „велосипеди со“ се додава зборот „помошен“, а по зборот „мотор,“ се додава зборот „мопеди,“.

По ставот (28) се додава нов став (29) кој гласи:

,,(29) На барање на возач на кој му е издадена возачка дозвола од категориите ,,А“, ,,Б“, ,,Ц“, ,,Д“ и ,,Е“, може да му бидат впишани категории и поткатегории на возила со кои има право да управува согласно одредбите на овој закон.“

Член 76

Во член 290 во ставот (1) бројот „15“ се заменува со бројот „10“.

По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече, односно ќе му се регистрираат 25 негативни бода согласно со одредбите на овој закон, на возач кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.”

Член 77

Во член 295 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече, односно ќе му се регистрираат 25 негативни бода согласно со одредбите на овој закон, на возач кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.”

Член 78

Во член 300 во ставот 2 зборот ,,пет“ се заменува со зборот ,,три“.

Член 79

Во член 302 во ставот (1) зборовите ,,трактор, работна машина, мотокултиватор и велосипед со мотор,“ се бришат.

Член 80

Во членот 305 по зборот „возило,“ се додаваат зборовите „како и при полагање на возачки испит“, а зборовите ,,една година“ се заменуваат со зборовите ,,18 месеци.“

Член 81

Во член 306 во став (1) алинејата 2 запирката на крајот од реченицата се заменува со зборовите ,,пред секое продолжување на важноста на возачката дозвола".

Член 82

Во член 319 во ставот (8) зборовите ,,одредбите од ставовите (1) до (5)" се заменуваат со зборовите ,,одредбата од ставот (1)".

Член 83

Во член 323 во ставот (1) зборовите ,,од членот 322 ставови (1) и (2) на овој закон" се заменуваат со зборовите ,,со кои се врши превоз на опасни материи".

Член 84

Членот 369 се менува и гласи:

,,(1) Кога униформираниот полициски службеник утврди дека е сторен прекршок од членовите: 21 став (7); 22 став (3), 23 ставовите (3) и (4); 24 став (3); 25 став 5; 25-а став 2; 26 ставовите (3), (4) и (5); 30 став (2); 31 став 5; 32 став (2); 34 став (3); 35 ставовите (4) и (5); 36 ставовите (3) и (4); 37 ставовите (4) и (5); 38 ставовите (6), (7), (9) и (10); 40 став (7); 41 став (3); 43 став (4); 44 став (6); 45 ставовите (3) и (4); 46 став (2); 47 став (2); 48 став (5); 49 став (4); 50 став (6); 53 став (3); 54 ставовите (4), (5) и (6); 55 став (4;) 56 став (2); 61 ставовите (4) и (5); 62 став (4); 63 став (6); 64 став (4); 65 став (4); 66 ставовите (2) и (5); 67 став (4); 68 став (2); 69 став (2); 70 став (2); 71 став (2); 72 став (2); 73 став (2); 74 ставовите (3) и (4); 76 став (3); 77 став (4); 78 став (2); 79 став (6); 80 став (2); 81 став (4); 82 став (4); 83 став (2); 84 став (3); 85 став (6); 87 став (3); 88 став (3); 89 став (3); 90 став (4); 91 став (4); 92 став (2); 93 став (3); 95 став (7); 96 став (2); 97 ставовите (4) и (5); 98 ставовите (2) и (3); 99 став (3); 100 став (2); 101 став (2); 102 став (2); 103 став (6); 104 став (3); 105 став (3); 106 став (2); 107 став (2); 108 став (3); 109 став (2); 110 став (2); 111 ставовите (4) и (5); 112 став (2); 113 ставовите (3) и (4); 114 став (2); 115 став (3); 116 став (3); 117 ставовите (3) и (4); 118 став (2); 119 став (4); 120 став (3); 121 став (2); 123 ставовите (4) и (5); 124 став (4); 125 ставовите (3) и (4); 126 став (2); 128 став (2); 129 став (3); 132 став (3); 133 став (5); 134 ставовите (4) и (5); 135 ставовите (4) и (5); 136 став (4); 137 став (5); 138 став (2); 139 став (3); 140 став (2); 142

став (2); 143 став (8); 144 став (8); 146 став 3; 147 став (6); 150 став (7); 154 став (2); 169 став 5; 170 став (2); 171 став (2); 172 став (6); 174 ставовите (3) и (4); 175 став (7); 176 став (4); 178 став (2); 179 ставовите (6) и (7); 182 став (4); 185 ставовите (8) и (9); 188 ставовите (2) и (3); 190 став (3); 191 став (2); 192 ставовите (3) и (4); 193 став (2); 194 став (6); 231 став (7); 241 став (3); 242 став (4); 243 став (3); 252 став (4); 253 став (5); 254 став (2); 257 ставовите (10) и (11); 259 став (5); 290 став 5; 294 став (2); 295 став 3; 302 ставовите (11) и (12); 404 став (4) и 408 став (7) на овој закон,  на сторителот ќе му предложи да го плати предвидениот износ на глобата или да му се регистрираат негативните бодови утврдени за сторениот прекршок.

(2) Униформираниот полициски службеник пополнува покана за наплата на глоба и записник за сторен сообраќаен прекршок и регистрирање на негативни бодови при што вторите примероци му ги врачува на сторителот на прекршокот.

(3) Ако сторителот на прекршокот ја плати предвидената глоба во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата за наплата на глоба, должен е веднаш со поканата за наплата на глоба да приложи банкарска или поштенска уплатница за извршена уплата на соодветна уплатна сметка во рамките на Трезорската сметка, во полициска станица или полициско  одделение за безбедност на патен сообраќај според местото на живеење.

(4) Ако сторителот на прекршокот е согласен да му бидат регистрирани негативни бодови е должен во рок од 30 дена од истекот на законски предвидениот рок за плаќање на глобата, да ја донесе возачката книшка во полициска станица односно полициско одделение за безбедност на патен сообраќај според местото на живеење, заради регистрирање на негативните бодови.

(5) Униформираниот полициски службеник поканата за наплата на глоба и записникот за сторен сообраќаен прекршок и регистрирање на негативни бодови, ги предава на одговорното лице во полициската станица односно полициското одделение за безбедност на патен сообраќај задолжено за водење картотека  и евиденции за негативни бодови.

(6) Ако сторителот на прекршокот не ја плати доброволно предвидената глоба во законски предвидениот рок, односно ако во рокот од наредните 30 дена не ја донесе возачката книшка за регистрирање на негативните бодови, униформираниот полициски службеник ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисија за одлучување по прекршоци формирана во Министерството за внатрешни работи.

(7) Во прекршочната постапка може да се изрече глоба зголемена најмалку за една половина од глобата што е предвидена за прекршоците од ставот (1) на овој член, до трикратниот износ на пропишана санкција, но не поголем од општиот максимум на глобата пропишана согласно со закон.

(8) За прекршоците чиј сторител не е возач во сообраќајот, односно за кои не е предвидено регистрирање на негативни бодови согласно со одредбите на овој закон, во случај кога сторителот на прекршокот нема да го плати предвидениот износ на глоба согласно со ставот (1) на овој член, униформираниот полициски службеник ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред комисијата од ставот (4) на овој член.“

Член 85

По членот 369 се додава нов член 369-а кој гласи:

,,Член 369-а

(1) За прекршоците од членот 369 став (1) на овој закон за кои ќе биде поднесено барање за поведување на прекршочна постапка согласно со одредбите на овој закон, министерот за внатрешни работи формира комисија составена од претседател и два члена.

(2) Претседателот на комисијата од ставот (1) на овој член е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја, а членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја.“

Член 86

Во членот 370 став (1) зборовите ,,220 став 2“ се бришат, по зборовите ,,234 ставовите (5), (6)“ се додава запирка, а зборовите ,,и (7)“ се заменуваат со броевите ,,(7), (8) и (9)“.

Во ставот (4) зборовите ,,на сметката на Министерството за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите ,,на соодветна уплатна сметка во рамки на Трезорската сметка“.

Член 87

Членот 373 се брише.

Член 88

Членот 374 се менува и гласи:

,,Кога униформираниот полициски службеник ќе утврди дека е сторен прекршок од членовите: 7 став (2); 8 став (2); 11 став (3); 12 став (5); 13 став (5); 14 став (2); 15 став (3); 17 став (4); 20 став (5); 40 став (4); 50 став (4); 77 став (2); 79 став (4); 81 став (2); 103 став (4); 144 став (6); 147 став (4); 148 став (6); 149 став (2); 150 став (5); 156 став (4); 157 став (3); 160 став (4); 161 став (4); 165 став (3); 166 став (3); 168 став (3); 169 став (3); 172 став (3); 175 став (5); 176 став (2); 179 став (4); 180 став (7); 181 став (2); 184 став (3); 185 став (6); 186 став (4); 187 став (3); 194 став (4); 196 став (3); 197 став (3); 198 став (2); 201 став (2); 208 став (4); 210 став (3); 211 став (3); 212 став (2); 215 став (4); 216 став (2); 217 ставовите (4) и (6); 223 став (3); 230 став (5); 231 став (4); 232 став (2); 233 став (3); 234 став (4), 242 став (2); 244 став (7); 251 став (6); 252 став (2); 253 став (3); 255 став (4); 256 став (3); 257 ставовите (5) и (7); 259 став (3); 300 став (6); 301 став (4); 302 став (8); 303 став (6); 304 став (4); 311 став (2); 313 став (7); 314 став (14); 315 став (5); 317 став (3); 383 став (3); 384 став (4); 386 став (2); 389 став (2) и 390 став (4) на овој закон, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.“

Член 89

Во членот 375 зборовите ,,паричните казни“ се заменуваат со зборовите ,,глобите“.

Член 90

Во член 376 во став (1) по алинејата 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

,,-во период од три до шест месеца – за прекршоците за кои е предвидена глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност;“.

Член 91

Во член 392 во ставот (1) во петтиот ред по зборот ,,работи“ запирката се брише и се додаваат зборовите „и директорот на Агенцијата за државни патишта,“.

Во став (2) алинејата 8 се менува и гласи:

„– приклучување на постојни објекти и објекти предвидени за градба согласно важечки урбанистички план или урбанистички проект на државни или општински патишта и улиците на истите.“

По ставот 2 се додаваат четири нови става (3), (4), (5) и (6) кои гласат:

„(3) За приклучување на објектите согласно член 392 став (2) алинеја 8, кон сообраќајниот проект задолжително се приложува и извод од важечки урбанистички план или урбанистички проект со конкретна намена на локацијата за која се бара утврдување на режим на сообраќај.

(4) Сообраќајниот проект од ставот (1) на овој член содржи: услови и режим на сообраќајот, ситуационен план, план на сообраќајни знаци, прегледност на крстосниците, потребен простор за стациониран сообраќај, програма за работа на светлосната сигнализација, план за заштита и опрема на патот или улицата, план за хортикултурно уредување, план за регулирање на сообраќајот на раскрсниците, како и други елементи од значење за безбедноста на сообраќајот. Покрај наведените податоци, сообраќајниот проект може да содржи и: прогноза за обемот и структурата на сообраќајот, пресметка на пропусната моќ на патот и улиците, како и план за осветлување.

(5) Сообраќајниот проект од ставот (1) на овој член го разгледува комисија формирана од министерот за транспорт и врски.

(6) Комисијата од ставот (5) на овој член изготвува извештај во кој оценува дали сообраќајниот проект ги содржи елементите од ставот (4) на овој член.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (7) и (8).

Член 92

Во член 394 во ставот (1) зборовите ,,пристап до јавниот пат по претходно добиена согласност од Министерството за транспорт и врски во согласност со Министерството за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите ,,пристапен пат до државниот пат по претходно добиено решение за утврдување на режимот на сообраќај од министерот за транспорт и врски во согласност со министерот за внатрешни работи и директорот на Агенцијата за државни патишта и по добиено одобрение за пристапен пат од Агенцијата за државни патишта по претходна согласност од Министерството за внатрешни работи. “

Член 93

Во член 396 во ставот 3 зборовите ,,измена на режимот на сообраќајот согласно со членот 392 став (3)“ се заменуваат со зборовите ,,употреба на изградени објекти од членот 392 став 2 алинеја 8“.

Член 94

Во членот 400 зборовите ,,зелена површина“ се заменуваат со зборовите ,,хортикултурно уредени залени површини, градски зеленила и паркови“.

Член 95

Во член 402 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

,,(3) Ако лицето сторител на прекршок не се јави односно не присуствува на предавањата за посебните воспитни мерки од ставовите (1) и (2) на овој член, полицискиот службеник ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред комисијата за одлучување по прекршоци од членот 369-а на овој закон, по прекршокот за кој лицето било повикано да присуствува на предавањата за посебните воспитни мерки.“

Член 96

Во член 411 во ставот (1) зборот ,,зачестено“ се заменува со зборовите ,,може да“.

Во ставот (2) зборот ,,траен“ се заменува со зборот ,,постојан“.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

,,(3) Снимањето од ставот (1) на овој член, може да се врши и со посебни возила на Министерството за внатрешни работи опремени со посебни уреди за таа намена.“

Во ставот (3) кој станува став (4) броевите ,,(1) и (2)“ се заменуваат со броевите ,,(1), (2) и (3)“.

Член 97

Во член 414 во ставот (2) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка по која се додаваат зборовите „за уште еден мандат“.

Член 98

Во член 415 ставот (3) се менува и гласи:

,,(3) Републичкиот совет ги врши своите административно-технички и финансиски работи.“

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Заради извршување на планирани програмски активности Републичкиот совет може да ангажира вработени од соодветни министерства и други државни органи.“

Член 99

Во член 416  во алинејата 1, процентот „1,5%“ се заменува со процентот „3%“.

Во алинеја 2 процентот „1%“ се заменува со процентот „2%“.

Во точка б) сврзникот ,,и“ се заменува со точка.

Алинеја 3 се брише.

Член 100

По членот 416 се додава нов член 416-а кој гласи:

,,Член 416-а

(1) За унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, Собранието на Република Македонија донесува Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата, за период од пет години.

(2) Националната стратегија од ставот (1) на овој член ја изготвува Координативно тело формирано од Владата на Република Македонија.

(3) Координативното тело од ставот (2) на овој член е составено од 11 членови – претставници од државните органи, Републичкиот совет, институции и правни лица кои вршат работи од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата, со мандат од шест години.

(4) Координативното тело од ставот (2) на овој член е задолжено и за следење на имплементацијата на Националната стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата.“

Член 101

Во член 417 во став 1 во алинејата 13, запирката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот ,,и“, а алинеја 14 се брише.

Член 102

Во целиот текст на законот зборовите ,,Велосипед со мотор“ односно зборовите ,,велосипед со мотор“ се заменуваат со зборот ,,Мопед“ односно ,,мопед“.

Член 103

Одредбата од членот 54 на овој закон ќе се применува од 31 декември 2009 година.

Одредбата од членот 70 на овој закон ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

Член 104

По истекот на три години од денот на примената на одредбата од членот 70 на овој закон, теоретскиот дел од возачкиот испит од членот 270 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, се полага писмено само на електронски начин.

Член 105

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи членот 45 став 1 во делот ,,е прописно означено и“ од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/08).

Член 106

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тело на седницата одржана на 6 мај 2009 година и Законодавно правната комисија на седницата одржана на 8 мај 2009 година ги разгледаа амандманите поднесени на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и тоа:

-за бришење на членот 20, за бришење на членот 51, на членот 65 став (1), на членот 70 за додавање на нов став (2), на членот 91 за бришење на став (1) поднесени од пратениците Никола Ќуркчиев и Томе Чинговски

-и амандманот на член 25 за додавање на нов став (2) поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

**Во Дополнетиот Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е вграден амандманот кој беше усвоен** од матичното работно тело Комисијата за одбрана и безбедност и Законодавно правната комисија и тоа:

**Амандманот за бришење на членот 20 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Томе Чинговски. Амандманот се предлага бидејќи се смета дека со постојното решение предвидено е возачот да ја притегне паркирната кочница, што е сосема во ред. Доколку зборот паркирна се замени со зборот работна во тој случај кога се зборува за работна сопирачка во стварност тоа е ножна сопирачка. Возач не може да излезе од возилото, а притоа да ја притегне работната сопирачка.**

Матичното работно тело Комисијата за одбрана и безбедност и Законодавно правната комисија не ги усвоија амандманите за бришење на членот 51, на членот 65 став (1), на членот 70 за додавање на нов став (2), на членот 91 за бришење на став (1) поднесени од пратениците Никола Ќуркчиев и Томе Чинговски и амандманот на член 25 за додавање на нов став (2) поднесен од пратеникот Томе Чинговски.

Матичното работно тело Комисијата за одбрана и безбедност и Законодавно правната комисија не водеа претрес по амандманот на членот 26 по ставот (1) за додавање на нов став (2) поднесен од пратеникот Томе Чинговски бидејќи истиот е повлечен.